Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-65/3
19-04-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-688 од 28.12.2022, презаведена под архивски број 08-65, поднесена од [redacted] од Скопје, родител на малолетниот [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, против Јавната детска градинка ,,СРНИЧКА" на Општина Аеродром во Градот Скопје, со адреса на бул. ,,Јане Сандански" бр. 29а – Скопје, застапувана од [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита кон детето [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), на 08.02.2023 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на лично својство и општествен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита од страна Јавната детска градинка ,,СРНИЧКА" на Општина Аеродром во Градот Скопје, кон детето Тео Поповски од Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-688 од 28.12.2022 година, од подносителот [redacted] од Скопје со адреса на [redacted] Скопје, против Јавна детска градинка ,,СРНИЧКА" на Општина Аеродром во Градот Скопје, со адреса на бул. ,,Јане Сандански" бр. 29а – Скопје, застапувана од [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита кон неговото дете Тео Поповски.

Во претставката е наведено дека на ден 21.12.2022 година, бил одржан настан за отворање на објект ,,Црвенкапа" на градинката ,,СРНИЧКА", при што на настанот присуствувале деца од другите објекти на градинката, но не сите. Од објектот ,,Калинка" се однесени 16 деца од големата група, иако и другите сакале да присуствуваат. Подносителот наведува дека не знае по кој основ се избрани тие деца, затоа што родителите на децата кои не биле избрани не биле известени за истото.

Согласно наводите од претставката, Комисијата утврди дека тврдењето за сторена директна дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус е веројатно со што согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката, во случајов Јавна детска градинка ,,СРНИЧКА" на Општина Аеродром во Градот Скопје. На 12.01.2023 година, Комисијата согласно член 24 став (7) и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Известување бр.08-65/1 до Јавна детска градинка ,,СРНИЧКА" на Општина Аеродром во Градот Скопје, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката.

На 02.02.2023 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на барањето за изјаснување од страна на потенцијалниот дискриминатор, заведен под архивски број 08-65/2.

Во одговорот од Јавна детска градинка ,,СРНИЧКА" на Општина Аеродром во Градот Скопје, се негира секаков дискриминаторски однос кон детето на подносителот базиран врз следната аргументација: децата кои биле однесени во објектот учествувале со кратка приредба како дел од сценариото по повод свеченото отворање на објектот. По добивање на претставката, воспитувачот од групата од објектот ,,Калинка" бил повикан на разговор со директорот и истиот доставил писмена изјава за претставката во која изјава јасно е наведено дека за време на подготовките на приредбата биле вклучени сите деца, вклучувајќи го и детето Тео Поповски, но согласно интересот на децата, а пред се, психолошката и педагошката устроеност (срам, трема, повлеченост, послушност, итн.) од една страна, како и фактот што на детето не смее да му се наметне обврската да учествува во приредба, било тоа да е завршна приредба или приредба по некој повод или настан од друга страна, се формирал бројот на децата кои учествуваат во приредбата. Дополнително во одговорот е наведено дека во моментот кога е доставено произнесувањето во градинката има запишано 1415 деца и не е возможно сите деца да учествуваат на такви настани. Градинката, ги отфрла наводите за дискриминација истакнати во претставката.

Најнапред, Конвенцијата за правата на детето, како најзначаен меѓународен акт за заштита на правта на децата во член 2 став (1) предвидува дека: *,, Државите членки на оваа Конвенција ќе ги почитуваат и ќе ги обезбедуваат правата на секое дете содржани во Конвенцијата под нивна јурисдикција, без каква било дискриминација и без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етичко или социјално потекло, имотна состојба, неспособност, раѓање или друг статус на детето или неговиот родител или законски старател."*

Согласно член 13 став (1) од Законот за заштита на децата ("Службен Весник на Република Македонија", бр.23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 104/2019; 146/2019; 275/2019; 311/2020; 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022) *"се забранува секаков вид на директна или индиректна дискриминација и малтретирање во остварување на правата и облиците на заштита на децата утврдени со овој закон"*. Согласно став (2) од истиот член на законот *"забраната од ставот (1) на овој член се однесува на сите установи за социјална заштита и социјална сигурност кои решаваат за правата утврдени со закон, јавните установи за деца основани од Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), јавните установи за деца основани од општина, општините во градот Скопје, градот Скопје и приватните установи за деца основани од правни и физички лица, правно лице запишано како агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и физичко лице кое врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитување на деца како професионална дејност."*

Во член 54 од истиот закон е предвидено дека:

*,,Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основното образование."*

Воедно со член 168 став (1) од овој закон, е уредено дека ,,*предучилишното воспитување како интегрален дел од системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се остварува преку годишна програма за работа на установите за деца кои вршат работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.*" Во ставот (2) од истиот член се определува дека ,,*годишната програма за работа особено содржи: организација и работно време на градинката, односно на центарот за ран детски развој, програмите на детската градинка, односно на центарот за ран детски развој, распоредување на децата во групи, работата на директорот и стручните и други работници, соработка со родителите, соработка со воспитно- образовни, спортски, здравствени, културни, научни и други установи, фондации, здруженија, активности за вклучување на децата во градинка, односно во центар за ран детски развој, перманентно стручно усовршување на вработените, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.*" Став (4) уредува дека ,,*годишната програма за работа ја подготвуваат стручните органи на правните лица кои вршат дејност во рамките на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, врз основа на мислење од советот на родители*", додека пак во ставот (9) законодавецот определил дека ,,*во детска градинка и центар за ран детски развој се организираат и други институционални активности за задоволување на специфичните интереси и потреби на детето во насока на јакнење на личноста на детето со развивање на неговите телесни, интелектуални, културни и други способности, кои се остваруваат согласно со посебни програми кои ги донесува директорот на детската градинка по предлог на стручниот тим, а ги одобрува управниот одбор на градинката, односно на центарот за ран детски развој.*"

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледување на претставката, одговорот на претставката , како и доставените докази, , утврди дека не можат да се најдат никакви факти дека е извршена дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во област на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита кон детето [redacted] Наведеното ставено во контекст со интересот на децата и пред се психолошката и педагошката устроеност на децата од една страна, како и фактот дека на децата не смее да им се наметнува обврска за учество во приредби по било кој повод. Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Согласно надлежностите утврдени согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, од горе изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје,
18.04.2023 година

**Комисија за спречување и**
**заштита од дискриминација**

**Претседател на Комисијата**
**Исмаил Камбери**

Доставено до:

- [redacted]
- Јавна детска градинка ,,СРНИЧКА" на Општината Аеродром во Градот Скопје, со седиште на бул. ,,Јане Сандански" бр. 29а, Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk